Република Северна Македонија
Државен инспекторат за шумарство и ловство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati shtetëror
Për pylltari dhe gjueti

24 Ноември / Nëntor, 2022

АРХИВСКИ БРОЈ/NUMRI ARKIVIT: 04 – 323/10

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 , 11/2018, 275/19, 14/20,215/21 и 99/22), директорот на Државен инспекторат за шумарство и ловство донесува:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2022 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за шумарство и ловство

1. Кандидатот **Зоран Вуиќ** по пат на Интерен оглас број 01/2022 се избира за работно место ИНС0101Б02001 Раководител на сектор за инспекциски надзор во ловството – Главен инспектор - 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2022, со архивски број 04-323/1 од 14.11.2022 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

### Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-9288/2 од 08.11.2022 година, директорот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство упати барање до одделението за управување со човечки ресурси , за објавување на интерен оглас во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2022 за унапредување на 1 (еден) административен службеник на ден 16.11.2022 година, на веб страната на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 1. на интерниот оглас е работното место УПР0101Б02001 Раководител на сектор за инспекциски надзор во ловството – Главен инспектор – 1 извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр. 04-323/7 од 21.11.2022 година, направи административна селекција на пријавените кандидати

кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави записник, од административна селекција за интерен оглас бр.04-323/8 од 23.11.2022 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-323/9 од 23.11.2020 година, за работно место под реден број 1. категорија Б2 и изготви Финална ранг листа на интервју и ранг кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2022.

Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

Доставено до/ dorzuar:
-Именуваниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива

Изработил/Përgaditi: Mazez Qaili

В.д.ДИРЕКТОР/u.d.DREJTOR
Fikri Aliti

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR PËR PYLLTARI DHE GJUETI Shkup